**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 10-619/5**
**Скопје, 25.10.2005 година**

**До**

**ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Гевгелија, за 2004 година, кои се прикажани на страните од 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно со член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Основен суд Гевгелија за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Драги Дилберов, претседател

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 8 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена во периодот од 04.07. до 15.07.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Владимир Милојевиќ-помошник на ГДР и овластен државен ревизор,
   - Добринка Весковска, Виш ревизор,
   - Христина Гочева - Начовска, ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   - дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции на финансиските извештаи од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната установа на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи дадени како составен дел на овој Конечен извештај ревизијата го утврди следното:

***10.1. Неправилна примена на акти:***

10.1.1. Основен суд Гевгелија заклучно со 31.12.2004 година нема обезбедено документ за сопственост (имотен лист) за објектот и земјиштето каде е сместен судот, поради неподнесено барање за регулирање на имотно правните односи и правниот статус на објектот и земјиштето каде е сместен судот. Истото има влијание на реално искажување на недвижните ствари во книгата за недвижните ствари што ги користат државните органи, што е спротивно на Законот за сопственост и други стварни права и Законот за правата и обврските и одговорностите на органите од државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и располагаат.

10.1.2. Не е назначен одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи, поради неупатеност во законската регулатива, што е спротивно на член 16 точка 2 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Истото има влијание на вршење контрола на трошењето средства согласно овој закон, Законот на буџетите и Законот за извршување на буџетот на Република Македонија за оделната година.

10.1.3. Во Основниот суд Гевгелија по Систематизацијата донесена согласно критериуми утврдени од Министерот за правда (член 98 од Законот за судовите) 16 работни места се непополнети, поради недобиена согласност за вработување од Министерството за финансии и тоа од групите: стручни државни службеници, стручни административни државни службеници и вработени кои вршат административно технички и помошни работи, а бројот на примени судски предмети е зголемен за 44% во однос на 2003 година, што е во спротивност на член 93 од Законот за судови. Истото влијае на обемот на извршената работа.

10.1.4. За вработените во Основниот суд Гевгелија - работници-недржавни службеници не се изготвени Решенија за плата, а за функционерите и Решенија за распоредување на работни места, поради продолжување на

претходно утврдениот начин за пресметка на плати без постоење на истите, што е спротивно на одредбите на Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и други избрани и именувани лица во Републиката и Законот за работни односи. Истото има влијание на објективноста и реалноста на исплатата на платите.

10.1.5. За ангажирање на вешти лица за вештачење Претседателот на судот нема донесено Решенија за именување на вешти лица, а списокот на вешти лица не е објавен во Службен весник, поради несоодветна примена на законската регулатива, што е спротивно на член 31 и член 33 од Судскиот деловник (донесен согласно член 78 од Законот за судови). Истото влијае на наменското трошење на средствата.

10.1.6. Списокот за ангажирањето на постојните судски преведувачи во Судот, одобрен од Министерството за правда не е објавен во службен весник и именикот за судски преведувачи не е истакнат во Судот, поради несоодветна примена на законската регулатива, што е спротивно на член 47 и член 50 од Судскиот деловник. Истото има влијание на ангажирање на преведувачи од страна на судиите кои не се во списокот.

**Препораки:**

1. Ревизијата не дава препорака за наодите кои се однесуваат на документ за сопственост, поради тоа што во текот на 2005 година е донесен нов Закон за користење и располагање со стварите на државните органи (“Службен весник на Република Македонија” бр.8 од 07 февруари 2005 год.) со кој се регулираат овие неправилности, а од страна на судот е покрената постапка за утврдување на сопственоста за капиталните средства со кои располага Судот, односно доставено е барање до Државниот завод за геодетски работи Гевгелија за обезбедување на имотни листови (поседовни листови) и до Министерството за транспорт и врски за обезбедување на документација потребна за регулирање на имотно правните односи и правниот статус на објектот и земјиштето каде е сместен Судот.

2. Претседателот на Судот да назначи одговорен сметководител за водење на деловните книги.

3. За да се овозможи Основниот суд Гевгелија да функционира согласно Законот за судовите и постигне навремено завршување на зголемениот обем на предмети, Министерот за правда согласно член 98 од Законот за судовите да даде предлог до Министерството за финансии за пополнување на работните места по Систематизацијата.

4. Да се изготват Решенија за плата за работници-недржавни службеници, а за функционерите и Решенија за распоредување на работни места согласно законската регулатива.

5. За ангажирање вешти лица за вештачење Претседателот на судот да донесе Решенија за именување на вешти лица, а списокот на вешти лица да се објави во Службен весник согласно членовите 31 и 33 од Судскиот деловник (донесен согласно член 78 од Законот за судови).

6. Списокот за ангажирањето на постојните судски преведувачи во судот одобрен од Министерството за правда да се објави во службен весник и

именикот за судски преведувачи да се истакне на огласна табла во Судот согласно членовите 47 и 50 од Судскиот деловник.

### *10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела:*

10.2.1. Во Извештајот од извршениот попис од 2005 година од страна на пописната комисија не е утврдена состојбата на Материјалните средства, поради несоодветна примена на законската регулатива и тоа на земјиштето во вредност од 1.000 илјади денари, на градежниот објект во износ од 53.562 илјади денари и на опремата во износ од 6.647, што е спротивно на член 33 и член 6 став 3 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и има влијание на спроведување на преносот од претходната година и првото отворање на сметките на средствата, обврските и изворите на средствата.

10.2.2. Во делот на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит од Депозитната сметка на Основен Суд Гевгелија не се водат деловни книги за состојбата и движењата на депозитните средства и тоа дневник, главна книга и помошни книги (аналитичка евиденција) книга за благајната, книга на побарувањата и обврските и книга на изводи на сметката и не се составуваат основни финансиски извештаи и тоа: биланс на состојбата, биланс на приходите и расходите и не се изготвува завршна сметка, поради несоодветна примена на законската регулатива, односно не воспоставена евиденција на начин предвиден во делот петти од Судскиот деловник). Истото влијае на неможноста да се утврди наменското ракување на туѓите средства кои Судот ги прима од други органи и поединци.

10.2.3. Врз основа на увидот на документацијата ревизијата утврди дека во текот на 2004 година на депозитната сметка има прилив на средства во износ од 27.095 илјади денари и одлив на средства во износ од 10.585 илјади денари, односно салдо од 16.509 илјади денари што претставува состојба на средствата на депозитите на крајот на годината, а од страна на судот нема формирано комисија, односно не е извршен преглед на целокупното работење на средствата на депозитите и не е поведена постапка за застарени депозити, поради несоодветна примена на законската регулатива, што е спротивно членовите 338 и 315 од Судскиот деловник. Истото има влијае на разрешување на застарените депозитни средства и пренесување како имот на Република Македонија.

**Препораки:**

1. Пописната комисија во Извештајот од извршениот попис да ја утврди состојбата на постојаните средства, паричните средства и побарувања, залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и обврските согласно Законот за сметководството на буџетите и буџетките корисници и Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

2. Материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит од Депозитната сметка на Основен суд Гевгелија да се спроведува согласно делот петти од Судскиот деловник и тоа:
   - Да се воспостави евиденција односно да се водат деловни книги за состојбата и движењата на депозитните средства и тоа: дневник, главна книга и помошни книги (аналитичка

евиденција) книга за благајната, книга на побарувањата и обврските и книга на изводи на сметката и составуваат основни финансиски извештаи и изготвуваат завршна сметка и

- судот да формира комисија, односно да изврши преглед на целокупното работење на средствата на депозитите и поведе постапка за разрешување на застарените депозити согласно членовите 338 и 315 од Судскиот деловник.

### *10.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

Поради неевидентирање и погрешно евидентирање на средствата и побарувањата и обврските ревизијата утврди нереално искажување на состојбите во Билансот на состојба, спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетките корисници и Правилникот за класификација на расходите во сметковниот план за Буџетските корисници и тоа:

10.3.1. Позицијата Капитални средства, материјални средства и други капитални вложувања во Билансот на состојбата не е реално и објективно прикажана поради тоа што:

- Вредноста на Позицијата Природни богатства во износ од 1.000 илјади денари во Билансот на состојба е евидентирана врз основа определена вредност на земјиштето од Комисијата за попис со Извештајот за попис од 1998 година без да се изврши вредносно усогласување со пазарната вредност според критериумите врз основа на кои надлежниот орган ја одредува висината на надоместокот на тоа земјиште, што е спротивно на Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници

10.3.2. Поради неевидентирање на извршената реконструкција на санитарниот чвор и поставување контролна табла за струја за далечинско исклучување неправилно се искажани на позициите во Билансот на состојба и тоа:

- Позициите Материјални средства (во делот на Опремата) и Извори на деловни средства (во делот на Деловниот фонд) во Билансот на состојба е потценети за износ од 259 илјади денари поради неевидентирано зголемување на вредноста на градежниот објект по фактури за извршените изведби.

10.3.3. Позициите Залихи на материјали и Ситен инвентар во Билансот на состојбата не е реално и објективно прикажана поради тоа што:

- нема воспоставено материјална евиденција за приемот и издавањето на залихите на материјали ( гориво, канцелариски материјал и средствата за хигиена ), што укажува дека не е воспоставена контрола на трошењето и
- нема испратници за потрошокот на залихите на материјали (гориво, канцелариски материјал и средствата за хигиена ) и ситниот инвентар.

**Препораки:**

1. Да се изврши вредносно усогласување на земјиштето со пазарната вредност според критериумите врз основа на кои надлежниот орган ја одредува висината на надоместокот на тоа земјиште согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

2. Ревизијата не дава препорака за наодите кои се однесуваат на неевидентирано зголемување на вредноста на градежниот објект за извршената реконструкција на санитарниот чвор и поставување на контролна табла за струја за далечинско исклучување на Позициите Материјални средства (во делот на Опремата и Исправка на вредноста) и Извори на деловни средства (во делот на Деловниот фонд), поради тоа што во текот на 2005 година е пуштен налог и спроведени се книжења по истото.

3. Да се воспостави материјална евиденција на приемот и издавањето на залихите на материјали и да се изготвуваат испратници за потрошокот на ситниот инвентар и залихите на материјали ( гориво, канцелариски материјал и средствата за хигиена ).

### *10.4. Ненаменско и незаконско користење на средства:*

*10.4.1. Направени расходи спротивно на законските прописи*

- Од ставката Плати наемнини и надоместоци незаконски се исплатени средства во износ од 1.691 илјада денари, за правосуден паушал на судиите, поради неспроведување на Заклучокот на Владата број 23-17/25 од седницата одржана на 31.03.2003 година за инкорпорирање на истиот во основни плати-функционери, за кој е потребно да се пресметаат придонеси од плати и персонален данок на доход. На овој начин се надминува пропишаното право за исплата на плати за месец јуни 2002 година, што е спротивно на член 3 од Законот за исплата на платите во Република Македонија.

- Од ставката Други оперативни расходи во Билансот на приходи и расходи исплатени се средства во вкупен износ од 38 илјади денари за извршување на повремени или привемени работи од лица ангажирани преку Агенција за посредство при вработување на работни места кои согласно Правилникот за систематизација и организација на работни места се непополнети, поради не побарана согласност за вработување од Министерството за финансии спротивно на Законот за извршување на буџетот и Законот за работни односи. Истото има влијание на законската исплата на средства.

*10.4.2. Направени ненаменски расходи спротивно на законските прописи*

- Од ставката Други оперативни расходи (потставка Вешти лица) извршена е ненаменска исплата во износ од 221 илјада денари по Решенија за трошоци донесени од Претседателите на советот на судиите за вештачење по кривични предмети и од истражен судија за предмети во истражна постапка за наградата за вештачење и персоналниот данок на личните надоместоци на докторите и медицинските лица вработени во ООЗТ Институти - Институт за судска медицина и криминалистика и ЈЗО Клинички центар како државен орган, се нереални и необјективни и се во спротивност на член 20 од Судскиот деловник (донесен согласно член 78 од Законот за судови) и член 234 и 240 од Законот за кривична постапка.

- Направени се трошоци за вршење увид на лице место во постапките, а од страна на учесниците чие присуство е задолжително се наплатуваат како надомест на трошоци за увид од странките во готово по 2.100 денари (и тоа судиите и извршителите по 800 денари и трошоци за гориво 500 денари) без истите да бидат уплатени во благајната на Судот,

што е спротивно на одредбите на Законот за судови и Правилникот за надоместок на трошоците во кривична и процесна постапка и постапка за стопански престапи. Истото влијае на наменското трошење на средствата.

**Препораки:**

1. Ревизијата не дава препорака за наодот кој се однесува на неправилноста при исплата на правосуден паушал за судиите, поради тоа што во периодот додека е вршена ревизијата е донесен Закон со кој се регулираат овие неправилности.

2. Потребата од ангажирање работници за работни места предвидени со Правилникот за систематизација и организацијата на работни места да се врши согласно позитивната законска регулатива.

3. Да не се вршат исплати за вештачење како лични надоместоци на докторите и медицинските лица вработени во РО Клинички центар: ООЗТ Институти, Институт за судска медицина и криминалистика и исплата на персоналениот данок, односно исплатите за вештачење од државни органи да се врши согласно Судскиот деловник (донесен согласно член 78 од Законот за судови) и член 234 и 240 од Законот за кривична постапка.

4. Трошоците за вршење увид на лице место во постапките да се надоместуваат согласно Законот за судовите и Правилникот за надоместокот на трошоците во кривична и процесна постапка и постапка за стопански престапи.

*10.4.3. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

- Не е донесен план за јавни набавки, поради непочитување на законската регулатива, што е спротивно на член 11 од Законот за јавни набавки и влијае на определување на вкупни потреби за набавки во тековната година по видови на производи, динамиката за реализација на истите и постапка која ќе се примени.

- За вршење набавки од мала вредност, Основниот суд Гевгелија нема донесено свој интерен акт со кој се утврдува организациониот облик или лицето кое ќе биде одговорно за собирање на понудите од кандидатите, начинот на собирање на понудите, начинот за извршување на договорот, поради непочитување на законската регулатива, што е спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки. Истото има влијание на утврдување и правилно спроведување на постапките.

- За реконструкција на санитарниот чвор и за поставување контролна табла за струја за далечинско исклучување на Судот, Основен суд Гевгелија има спроведено постапки за јавна набавка без донесена Одлуки за јавна набавка и Одлуки за избор на најповолен понудувач поради непочитување на законската регулатива, што е спротивно на членовите 12 и 54 од Законот за јавни набавки. Истото влијае на законското и наменското трошење на средствата.

- За реконструкција на санитарниот чвор во Основниот суд Гевгелија објавен е повторен отворен повик 1/2004 за прибирање понуди, а спроведена е постапка за набавки од мала вредност во износ од 200

илјади денари, поради непочитување на законската регулатива, што е спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки. Истото влијае на законското и наменското трошење на средствата.

- Не е спроведена постапка за јавна набавка во повеќе случаи во вкупен износ од 2.040 илјади денари, поради непочитување на законската регулатива и има влијание на законското и наменското трошење на средствата (Прилогот број 1 на овој извештај).

**Препораки:**

1. Ревизијата не дава препорака за наодите кои се однесуваат на изработка на годишен план за набавка и донесеување на интерен акт - Правилник за вршење на набавки од мала вредност, поради тоа што во текот на 2005 година истите се донесени согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

2. Спроведувањето на набавките да се врши во согласност со Законот за јавни набавки.

11. Според наше мислење освен за изнесеното во точката 10.3, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Гевгелија на ден 31 Декември 2004 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 10.1, 10.2.2, 10.2.3 и 10.4, кај Основен суд Гевгелија остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

13. **Прифатени и корегирани неправилности од страна на Основен суд Гевгелија во текот на ревизијата а се однесуваат на:**

*13.1. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба*

13.1.1. Позицијата Материјални средства (во делот на Опремата и Исправка на вредноста) и Извори на деловни средства (во делот на Деловниот фонд) во Билансот на состојба е потценети за износ од 36 илјади денари поради поради неевидентирани мобилни телефони дадени на користење.

13.1.2. Позициите Материјални средства (во делот на Опремата и Исправка на вредноста) и Извори на деловни средства (во делот на Деловниот фонд) во Билансот на состојба се потценети за износ од 68 илјади денари, поради евидентирана помала вредност на ласерски печатари добиени без надомест од Еви Интернационал Трејд, во однос на вредноста утврдена во документот за испорака на истите.

**Скопје, 24.10.2005 година** **Овластен државен ревизор,**

**Владимир Милојевиќ**

**ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | | 27,481 | 27,499 |
| **Вкупно приходи** | | **27,481** | **27,499** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 22,622 | 21,642 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 4,809 | 5,857 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 50 | - |
| **Вкупно тековни расходи** | | **27,481** | **27,499** |
| **Вкупно расходи** | | **27,481** | **27,499** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | - | - |

## ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.2.1. | 16,514 | 19,822 |
| Активни временски разграничувања | 4.2.2. | 3,882 | 2,530 |
| **Вкупно тековни средства** | | **20,396** | **22,352** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.1.1. | 1,000 | 1,000 |
| Материјални средства | 4.1.2. | 58,710 | 60,364 |
| **Вкупно постојани средства** | | **59,710** | **61,364** |
| **Вкупна актива** | | **80,106** | **83,716** |
| **Пасива** | | | |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.3.1. | 59,710 | 61,364 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **59,710** | **61,364** |
| **Долгорочни обврски** | | **-** | **-** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.2. | 2,247 | 880 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2. | 16,509 | 19,803 |
| Краткорочни финансиски обврски | | - | 19 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.2. | 22 | 36 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 1,613 | 1,614 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 5 | - |
| **Вкупно тековни обврски** | | **20,396** | **22,352** |
| **Вкупна пасива** | | **80,106** | **83,716** |

**ОСНОВЕН СУД ГЕВГЕЛИЈА**

**ПРЕГЛЕД**
***НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА***

во 000 Ден.

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
|---|---|---|
| | | |
| **Состојба 01.01.2004 година** | **61,364** | **61,364** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **501** | **501** |
| Набавки | | **-** |
| Преотстапени постојани средства | 397 | **397** |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | 104 | **104** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **2,155** | **2,155** |
| Отпис на капитални средства | 2,155 | **2,155** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **59,710** | **59,710** |